# НАЦИОНАЛНА ПЛИВАЧКА ФЕДЕРАЦИЈА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
NATIONAL SWIMMING FEDERATION NORTH MACEDONIA

28.06.2022 - Скопје

НАЦИОНАЛНА ПЛИВАЧКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бр 62/2022
28.06.2022 год.

**Одлука**

Управниот одбор на Националната пливачка федерација на Северна Македонија го разгледа барањето на ПК Скопје доставено во форма на електронска пошта на 27.06.2022-Барање и претходните барања и известувања:

- 27.06.2022,Пријава за регистрација
- 16.06.2022-Одговор на барање
- 13.06.2022-Барање
- 08.06.2022-Барање

и донесе едногласна одлука:Членството на ПК Скопје останува во мирување,членовите на ПК Скопје на Летното Национално Првенство кое ќе се одржи во Охрид на 16-17.07.2022 ќе може да настапат,но нивниот настап ќе биде надвор од конкуренција и без клубска припадност,односно само со име и презиме и за истото нема да добијат награди(дипломи,медали и пехари) доколку освојат.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Членството на ПК Скопје се става во мирување според Членот 15 од статутот на Националната пливачка федерација на Северна Македонија,поради неучество на Летното Национално првенство кое се одржа на 04-05.07.2021 на Базен Аеродром.Во електорнската пошта што ја испратија на 16.06.2022 каде што како образложение за неучество ги наведоа условите на Базен Аеродром,истиот клуб без никаков проблем настапи на Меѓународниот митинг “Делфин спринт” што се одржа на 26-26.06.2022.

Во однос на регистрацијата на пливачите,Управниот одбор следејќи го Правилникот за регистрација на Националната пливачка федерација на Северна Македонија,каде Управниот одбор донесе одлука рокот за регистрација на пливачи за натпреварувачка 2022 година биде пролонгиран и трае до 20.04.2022 до 12:00 за што испрати допис до сите клубови,вклучително и ПК Скопје на 30.03.2022 на што истиот нема одговорено.Во дописот испратен на 27.06.2022 се гледа дека ПК Скопје нема доставено потребна документација до официјалната електронска пошта туку на непозната електронска пошта со што истиот се отфрла.
Управниот одбор следејќи ги сите овие докази,записници а воедно и Целите и задачите на Националната пливачка федерација на Северна Македонија и Член 10 дозволува учество на Пливачите на ПК Скопје на Летното Национално Првенство,но истото ќе биде надвор од конкуренција,без клубвска припадност и за истото нема да добијат награди.
Овој настап ќе се земе во предвид доколку Пливачите во текот на наредниот период исполнат критериуми за настап како членови на Репрезентација, зададени од страна на Националната

*Конт. адреса : Сала КК Работнички , Градски Парк, 1000 Skopje, Р. Северна Makedonija*
*tel +389 770351977; e-mail: nacionalnaplivackafederacija@yahoo.com*

*www.pfm.mk*

пливачка федерација на Северна Македонија,истите им се уважат и пливачите ќе се стекнат со право на настап.
Пливачите со овој настап не се стекнуваат со право за добивање потврди од страна на Националната пливачка федерација на Северна Македонија.
Овие одлуки стапуваат на сила на денот на нивното носење и истите важат се до наредниот рок за регистрација или одлука на Управен одбор.

НАЦИОНАЛНА ПЛИВАЧКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Со почит
Горан Стојановски
Претседател на Национална пливачка федерација на Северна Македонија